**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**До: ВМРО - Народна партија**

**УПП бр.** 03-113

**Предмет: Одговор на претставка во врска со член 76-а од Изборниот законик**

**Скопје** 07.05.**2014г.**

Почитувани,

Во врска со Вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25.04.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-113, во којашто Вие како партија цените дека сте оштетени со Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси (пречистен текст), донесена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради како што велите незаконско толкување на членот 76-а од Изборниот законик, којшто се однесува на Јавниот сервис, а во смисла на распределба на времето определено за опозицијата, Ве известуваме за следново:

- Согласно правните прописи во Република Македонија, резултатите од избори се ефектуираат во пратенички мандати, оттаму резултатите од последните парламентарни избори се освоените пратенички места, што впрочем е евидентно и од објавеното на Веб сајтот на Собранието на Република Македонија, каде што под наслов ***Резултати од избор на пратеници во Собранието на РМ одржани на 5 јуни 2011 година***, графички е прикажано кои коалиции и политички субјекти процентуално колку пратенички мандати освоиле и колку е тоа во апсолутен износ, по број на пратеници, достапно на следниов линк http://www.sobranie.mk/izborni-rezultati.nspx;

- И покрај тоа што ВМРО НП не е ниту партија од власта, ниту парламентарна опозиција, според Методологијата на Агенцијата, МРТ немаше пречка да известува за Вашите активности. Од почетокот на изборната кампања за претседателските избори се до почетокот на кампањата за Предвремените парламентарни избори, МРТ за Вашите активности и за активностите на другите политички субјекти коишто немаа свои кандидати за претседател, можеше да известува во третината од вестите наменета за дневни настани од земјата и светот;

- Со почетокот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, со оглед дека учествувавте во неа, односно имавте потврдени листи со кандидати за пратеници, МРТ за Вашите активности можеше да информира во рамки на дополнителното време од вестите, надвор од третините, што на препорака од

Агенцијата (утврдена во Методологијата и во Спецификностите на методологијата за мониторингот на изборните процеси во 2014 година) го обезбедија сите сервиси на МРТ;

- Колку и како програмските сервиси на МРТ, прво во рамките на третината од вестите наменета за дневни настани, а потоа во дополнителното време, информирале за Вашите активности, тоа се должи на нивната уредувачка политика;

- Немаше ограничување ниту во однос на бесплатното политичко претставување кое на радио и телевизиските програмски сервиси на МРТ за Предвремените парламентарни избори се организираше во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, а на Собранискиот канал распределбата на времето беше според резултатите од последните парламентарни избори, каде за политичките субјекти што немаат пратенички места, секојдневно беа обезбедени дополнителни 30 минути;

- Оттаму, Агенцијата ниту го прекршила Изборниот законик, ниту и нанела штета на Вашата партија, напротив со својата препорака се обиде да го премости очигледниот недостаток на одредбата 76-а од Изборниот законик, односно побара МРТ да се придржува до начелото за политичка избалансираност и плурализам на гледишта и да обезбеди информации за целината на изборниот процес и за сите учесници во изборната кампања.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ